Од 27 септември до 6 октомври 2022 година, претставници на **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација** (КСЗД) заедно со **Македонскиот центар за меѓународна соработка** (МЦМС) и **Центарот за управување со промени** (ЦУП) учествуваа на **студиска посета за размена на знаење и искуство со телата за еднаквост во Лондон и Белфаст**. Вкупно десет претставници на КСЗД и пет претставници на граѓанските организации имаа шанса да се запознаат во детали со работата на различните тела и да слушнат предавања од претставници на академијата и граѓанското општество.



Сесиите кои се реализираа во Лондон беа посветени на работата на Комисијата за

човекови права на Шкотска, Комисијата за еднаквост и човекови права на Англија, Велс и Шкотска, Канцеларијата на Владата за еднаквост и Парламентарниот комитет за жени и еднаквост на Обединетото кралство. Учесниците го проследија и **предавањето од професорката Рејчел Мурај од Универзитетот од Бристол на тема човекови права** и Џон Пејџ од тинк-тенкот „Runnymede". „Студиската посета во Лондон и Белфаст беше **одлична можност за размена на знаења со институции** кои веќе имаат изградено организациски капацитети за промоција на еднаквоста", истакна Кире Василев, претседател на КСЗД. „Преку размената на искуствата дојдовме до заклучок дека сите предизвици со кои моментално се соочува Комисијата се вообичаени за ново формирано тело за еднаквост, и дека предизвиците се решливи со внимателно стратешко планирање," додаде тој.



Учесниците за време на сесиите правеа **паралели со обемот на работа на македонската комисија за спречување и заштита од дискриминација** и факторите кои влијаат врз ефикасното и квалитетно работење. Заеднички констатација беше дека

**независноста е она што мора да ги одликува сите тела за еднаквост**
. Клучно прашање во дискусијата беше и
**мерењето на влијанието**
на работата на телата за еднаквоста во општеството. Иако со различни законски овластувања и различен регулаторен пристап во борбата со дискриминацијата, телата за еднаквост имаат
**слични пристапи во однос на промоцијата на еднаквоста и превенцијата**
од дискриминација во секторите на образование, вработување, пристап до права и услуги и сл. Бидејќи општествената промена во еднаквоста и недискриминација не може да се случи само со правни мерки потребно е креирање на инструменти и политики кои на телата за еднаквост ќе има дадат поголема улога и повеќе ресурси за спречување на системската дискриминација и нееднаквиот третман пред да се направат трајни негативни последици за граѓаните.




Проф. Мурej ја истакна **превентивната и корективната улога на телата за еднаквост** и зборуваше за нивно вклучувањето во системот на известување за различните

декларации и договори за човекови права на Обединетите нации. Телата за еднаквост треба да придонесат со свои **независни извештаи за реализирањето на човековите права** во земјата. Креирање **извештаи во сенка** се инструмент кон кој КСЗД треба да се приклучи и го фокусира своето внимание на неколку важни прашања наместо на известување за сите делови од тие договори. Членовите на македонската делегација се запознаа со **процесите на градење на по-еднаква Британија од призмата на граѓанското општество**. Џон Пејџ од тинк-тенкот „Runnymede“ најпрво ги истакна факторите кои придонесуваат кон поделби во британското општество како што е влијанието на културните војни, расизмот и нееднаквиот пристап до можности. Особено ја истакна **политичката поделба на општеството по Брегзит и системската дискриминација во низа области**. Тој зборуваше и за активностите кои ги преземаат и партнерствата кои ги градат за да обезбедат напредок во расната еднаквост во Британија. Нивните истражувања и интервенции се едни од водечките во Британија и насочени за кон носителите на одлуки, практичарите и граѓаните на национално и локално ниво . Тие нудат информации за влијанието на расизмот и систематската дискриминација за напредокот на општеството.


We are
EHRC


ADT
Equality House
NICCY
COPNI



[illegible]


dpd